***Република Македонија***

***ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ***
***НА МАКЕДОНИЈА***
***Број: 02 -12055/2***
***20.09. 2007 год.***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XVIII-та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 12.09.2007 во 10.00 часот и 20.09.2007 година во 9.00 часот,*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател ;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член. Отсутна поради користење на годишен одмор*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси (делумно присутна)*
- *Златко Алексов, помошник на директорот за јавни набавки (делумно присутен)*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Претседателот Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Ги извести членовите на Управниот одбор дека седницата е закажана како итна заради утврдување на буџетски плафони на субјектите кои настанаа со поделбата на ЈЗУ Универзитетски Клинички Центар - Скопје согласно одлуката на Владата на Република Македонија. Од таа причина и не е доставен материјал за седницата. Потоа утврди дека на седницата присуствуваат сите членови на УО по што го предложи следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

*-Усвојување на записникот од XVII седница на УО одржана на 06.09.2007 година;*

*1. Предлог за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија предложениот*

***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

*-Усвојување на записникот од XVII седница на УО одржана на 06.09.2007 година;*

*1. Предлог за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

*-Усвојување на записникот од XVII седница на УО одржана на 06.09.2007 година*

*Членовите на Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвоија записникот од XVII седница.*

***ТОЧКА 1-*** *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година.*

*Директорот Тренкоски објасни дека со одлука на Владата на Република Македонија, Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар - Скопје престана да постои односно е поделена на 31 субјект. Поради тоа, преостанатите нереализирани средства од буџетот на Клиничкиот центар за 2007 година треба да се распределат на субјектите наследници. Предлог на менаџментот на Фондот е радпределбата на средствата да се изврши врз основа на договорите што ги имаат одделните клиники со Универзитетскиот клинички центар. Тоа значи да се запазат пропорциите утврдени помеѓу Универзитетскиот клиники центар и одделните клиники. По утврдувањето на буџетите, Фондот ќе потпише договори со субјектите наследници на Универзитетскиот клиники центар. Со организационата единица Заеднички служби предлагаме да не се склучува договор затоа што таа не е здравствена установа иако од Секретаријатот за законодавство имаме добиено мислење според кое е можно склучување на договор и со нив. Инаку новонастанатите субјекти ќе започнат со работа исчистени од долгови а сите долгови на Универзитетскиот клиники центар ќе останат на Заеднички служби. Во врска со тоа сакам да го запознаам Управниот одбор дека Владата на Република Македонија донесе заклучок, Фондот за здравствено осигурување на Македонија да ги расчисти долговите на јавните здравствени установи. Фондот тоа ќе може да го стори доколку не биде оптоварен со најавените 1000 вработувања во здравството.*

*Борис Јосифовски праша за кои долгови станува збор односно кога се настанати и посочи дека јавните здравствени установи се државни установи и би било нормално нивните долгови да ги покрие државата.*

*Директорот Тренкоски објасни дека станува збор за вкупните долгови, како стари така и нови во вкупна висина од 24 милиони евра и дека пример државата да ги преземе долговите на јавните здравствени установи има во Бугарија.*

*Трајче Леов посочи дека кога веќе Фондот ќе ги плаќа обврските, треба да повлече линија под која нема да прифаќа нови обврски на свој товар. Праша дали и кога Фондот ќе повлече таква линија. Додаде и дека Фондот треба да го следи работењето на јавните здравствени установи и да реагира доколку биде забележано дека се создават долгови. На тој начин ќе се чуваат средствата на Фондот наместо со прифаќање на долговите да им се дава покритие на установите кои работат лошо.*

*На ова директорот Тренкоски изјави дека линијата се повлекува сега и дека нови обврски нема да се прифаќаат. Дури и со закон сега е утврдено дека оној директор на јавна здравствена установа кој ќе направи долгови во работењето ќе биде сменет.*

*По ова се разви дискусија во која членовите на Управниот одбор посочуваа на можностите за создавање долгови и поставуваа прашања а директорот Тренкоски и Ромела Поповиќ Трајкова одговараа за начините на контрола и механизмите кои му стојат на располагање на Фондот како и за изворите на долговите на јавните здравствени установи. Притоа, Ромела Поповиќ Трајкова*

*ги извести членовите дека Фондот ги има превземено во електронска форма сите податоци за досегашното работење на Универзитетскиот клинички центар - Скопје и објасни дека со воведувањето на ex ante контрола требувањата на здравствените установи се контролираат однапред со што се оневозможува предимензионираното требување на лекови и средства.*

*Потоа Љубиша Каранфиловски предложи работата на седницата да се насочи кон точката на дневниот ред и побара конкретен предлог за утврдување на буџетите на јавните здравствени установи кои настанаа со престанокот на Универзотетскиот клинички центар - Скопје.*

*Маријана Лончар и Трајче Леов побараа да се изработи предлог-одлука по која Управниот одбор ќе може да се произнесе.*

*Директорот Тренкоски објасни дека треба да им се овозможи непречено работење на новонастанатите субјекти, но истакна и дека треба да се направат дополнителни анализи и пресметки за пред Управниот одбор да се поднесе предлог-одлука по која ќе можат членовите на Управниот одбор да се произнесат. Затоа предложи седницата да биде прекината и да продолжи по изготвување на предлог-одлука.*

*Претседателот побара мислење од членовите на Управниот одбор кои едногласно одлучија седницата да биде прекината а денот на нејзиното продолжување да биде дополнително определен.*

♦

*Седницата продолжи на 20.09.2007 година во 9.00 часот. На продолжението присуствуваа:*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател ;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член. Отсутна поради користење на годишен одмор*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*

- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси (делумно присутна)*
- *Маја Чемерикиќ, помошник на директорот за фармација*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Претседателот Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Ги извести членовите на Управниот одбор дека ова е продолжение на XVIII седница започната на 12.09.2007 година, по што предложи да се одржи според следниот дополнет*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н   Р Е Д*

1. *Предлог Одлука за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
3. *Разно*

- *Барања за вклучување на лекови во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
- *Барање од Клиниката за ревматологија за покривање на трошоците на лекување со Rituximab*
- *Барање од Македонско лекарско Друштво за исправка на Правилник*
- *Барање од Клиничка аптека*
- *Барање од ПЗУ Ординација по општа медицина "Д-р ТЈ" од с. Вешала - Тетово*
- *Барање од ПЗУ Ординација по општа стоматологија "Вита Дент" Скопје*
- *Барање од ЈП Комуналец - Гостивар*
- *Барање од Д-р Павлина Николова од Кочани*
- *Барања од областа на работните односи*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија предложениот*

## *Д Н Е В Е Н   Р Е Д*

1. *Предлог Одлука за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
3. *Разно*

- *Барања за вклучување на лекови во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
- *Барање од Клиниката за ревматологија за покривање на трошоците на лекување со Rituximab*

- *Барање од Македонско лекарско Друштво за исправка на Правилник*
- *Барање од Клиничка аптека*
- *Барање од ПЗУ Ординација по општа медицина "Д-р ТЈ" од с. Вешала - Тетово*
- *Барање од ПЗУ Ординација по општа стоматологија "Вита Дент" Скопје*
- *Барање од ЈП Комуналец - Гостивар*
- *Барање од Д-р Павлина Николова од Кочани*
- *Барања од областа на работните односи*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

***ТОЧКА 1 -*** *Предлог Одлука за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година*

*Објаснување по првата точка од дневниот ред даде Ромела Поповиќ Трајкова. Наведе дека согласно одлуката на Владата на Република Македонија е извршена поделба на ЈЗУ Универзитетски Клинички Центар - Скопје на 31 субјект наследник. За ЈЗУ Универзитетски Клинички Центар - Скопје со одлука на Управниот одбор на Фондот од 22.01.2007 година беше утврден буџет во висина од 3.162.998.000 денари. Од овие средства заклучно со 10.09.2007 година се реализирани 2.413.171.241 денари. Предложи да се изврши ребаланс на буџетот со зголемување за 150.000.000 денари поради зголемени материјални трошоци како резултат на исплата на старите долгови и зголемените плати во здравството. Во методологијата беше вклучено процентуалното учество од материјалните трошоци од постоечките буџети. Потоа ги објасни предложените износи по ставки и дополни дека при утврдувањето на буџетите во делот на платите е извршена калкулација според актуелниот број на вработени и лица ангажирани преку агенциите за вработување добиени од списокот потврди од Министерството за здравство.*

*Директорот Тренкоски дополни дека позицијата "плати" остана непроменета, т.е. во неа не се вклучени лицата кои работат по договор на дело. Трошоците за ангажирање на овие лица се вкалкулирани во ставката "стоки и услуги". Ангаширањето на лица по договор на дело е дури поскапо од редовното вработување а некои клиники имаат и близу сто на тој начин ангажирани лица. Проблем постои и со структурата на вработените, има премногу административци во однос на носечкиот кадар.*

*Трајче Леов посочи дека ангажирањето на лица по договор на дело е незаконско. Законот за работните односи познава само вработување на определено и неопределено време. Значи, здравствените установи треба регуларно да ги вработат лицата од кои имаат потреба. Смета дека Фондот не треба да финансира ангажирање на лица под формата договор на дело. Во таа смисла, предложи Фондот да ги извести сите јавни здравствени установи дека почнувајќи од 2008 година нема да одобрува средства за вакви ангажмани.*

*Директорот Тренкоски наведе дека Фондот ќе побара од Министерството за здравство и Министерството за финансии да утврдат колку вработувања се потребни во јавните здравствени установи. Ги извести членовите на*

*Управниот одбор дека Фондот плаќа по 10.000.000 денари месечно за лицата ангажирани по договор на дело само во Клиничкиот центар - Скопје.*

*Во врска со предложеното зголемување на буџетскиот плафон на Здравствен дом Кичево и Здравствен дом Велес, директорот Тренкоски објасни дека овие здравствени домови работат добро но имаат зголемени трошоци поради незавршената приватизација. Оттаму е неопходно да им се зголеми буџетскиот плафон за да можат да ја вршат дејноста.*

*Љубиша Каранфиловски праша врз основа на кои критериуми е утврдена точната висина на која треба да се зголеми буџетскиот плафон и забелеша дека треба да се расправа за буџетските плафони на сите јавни здравствени установи а не само за овие две.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека менаџментот планира на една од наредните седници да побара Управниот одбор да расправа за буџетите на јавните здравствени установи и додаде дека потребното зголемување е утврдено врз основа на објективна анализа на состојбата. За да се спреми вкупниот ребаланс кој ги вклучува и ребалансот на плафоните на јавните здравствени установи потребно е да се добие од Министерството за финансии конечниот ребаланс на ФЗОМ.*

*На крајот, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година***

*со која изврши ребаланс на буџетот на ЈЗУ Универзитетски Клинички Центар - Скопје со зголемување за 150.000.000 денари и вкупните нереализирани средства ги распореди на субјектите наследници.*

**ТОЧКА 2 -** *Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорот Тренкоски ги запозна членовите на Управниот одбор со императивот за подобрување на контролните капацитети на Фондот. За таа цел ќе се вработат високостручни лица и тоа лекари и економисти а за тоа Фондот има поддршка и од Владата. Овие вработени ќе ги конторлираат јавните здравствени установи. Изрази уверување дека резултатите на контролата ќе ги изненадат членовите на Управниот одбор. Имено, речиси сите јавни здравствени установи вршат поголеми набавки од неопходното. Предложената одлука за измена на планот за јавни набавки е во насока на обезбедување на неопходна опрема (преносни, т.н. лап-топ компјутери) за успешно вршење на контролата. Дел од овие компјутери ќе служат и за работа на седниците на Управниот одбор. Планирано е до крајот на годината да се инсталира и компјутерски софтвер што ќе овозможи директно поврзување на Фондот со подрачните служби.*

*Управниот одбор ја поддржа дискусијата на директорот по што едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 3 -*** *Разно:*

*3.1 Барања за вклучување на лекови во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Под оваа точка, на дневниот ред се најдоа барањата на Македонското здружение за остеопороза, Клиниката за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот и на Клиниката за ревматологија кои се однесуваат на вклучување на лекот ibandronic acid во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Борис Јосифовски изрази мислење дека за да може Управниот одбор да расправа по барања за кои е потребно стручно знаење како што се барањата за вклучување на листата лекови кои паѓаат на товар на Фондот, потребно е да се има стручно мислење изготвено од службите на Фондот.*

*Маја Чемерикиќ објасни дека менаџментот на Фондот не е надлежен да предлага лекови за вклучување во листата туку тоа е надлежност на Комисијата за позитивната листа. Дополни дека и таа е член на Комисијата, и дека Комисијата до министерот за здравство доставила предлог-упатство за уредување на постапката за предлагање лекови за листата. Во моментов се чека одговор од министерот. Инаку, до Фондот постојано пристигаат барања за вклучување на лекови во листата кои се адресирани до Управниот одбор и до менаџментот на Фондот. Поради тоа и барањата се презентирани пред членовите на Управниот одбор.*

*Трајче Леов предложи заклучок, да не се ставаат на дневен ред барања упатени до Управниот одбор кои не се поткрепени со мислење на соодветен орган па поради тоа Управниот одбор не може соодветно да се произнесе. За предлогот доби поддршка и од останатите членови, по што Управниот одбор донесе*

***Заклучок****: Стручните служби на Фондот да не доставуваат до Управниот одбор барања кои и покрај тоа што се адресирани до Управниот одбор, не се во надлежност на Управниот одбор или не се поткрепени со неопходни мислења од соодветни органи или организации.*

*Маја Чемерикиќ во продолжение се осврна на конкретните барања наведувајќи дека таков тип на лекови постои во листата на лекови на товар на Фондот.*

*Со тоа се согласи и Маријана Лончар Велкова која побара сепак кога веќе овие барања се ставени на дневен ред, за нив да се побара мислење од Комисијата за позитивната листа.*

*По ова, Управниот одбор донесе*

***Заклучок:*** *За доставените барања за вклучување на лекот ibandronic acid на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да се побара мислење од Комисијата за позитивната листа*

*Борис Јосифовски побара за понатамошните точки да не се расправа поради тоа што немаат писмено образложение од стручните служби на Фондот.*

*Лазар Трајчев објасни дека со оглед на големиот обем на барања и дописи кои пристигнуваат до Управниот одбор на Фондот, изготвувањето на мислења во писмена форма за сите нив би влијаело на ефикасноста на работењето на Управниот одбор односно би поминиувало подолго време од доставувањето на барањата до нивното разгледување. Со ова се согласи и претседателот Аљбон Џемаили.*

*Ромела Поповиќ Трајкова дополни дека објаснување може да се даде и на седницата од менџерите на Фондот во чиј домен спаѓа барањето. Тоа објаснување влегува во записникот.*

*Маријана Лончар Велкова побара сепак за одделните барања да има приложено и мислење на стручните служби на Фондот. Тоа не се однесува на некомплетните барања кои согласно претходно донесениот заклучок, нема воопшто да се ставаат на дневен ред.*

*Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили предложи пред заклучување на работата на оваа седница согласно претходно донесениот заклучок, да се разгледа барањето на ПЗУ Ординација по општа медицина "Д-р ТЈ" од с. Вешала - Тетово.*

*3.5 Барање од ПЗУ Ординација по општа медицина "Д-р ТЈ" од с. Вешала - Тетово*

*Оваа здравствена установа бара подрачјето во кое работи да биде утврдено како рурално.*

*Трајче Леов смета дека барањето е оправдано со оглед на условите во кои се одвива дејноста во високи планински краишта.*

*Аљбон Џемаили објасни дека живее во близина на подрачјето во кое работи здравствената установа но таму никогаш не бил зашто се работи за изолирана планинска област што е тешко пристапна.*

*Љубиша Каранфиловски наведе дека на една од претходните седници Снежана Костадиноска Милошеска наведе дека постојат критериуми утврдени од Владата според кои се оценува дали едно подрачје се смета за рурално. Побара да се постапи според тие критериуми.*

*Страшо Наумоски додаде дека постои правилник со кој се уредува плаќањето на ординациите во руралните подрачја кои немаат доволно пациенти со цел да се стимулира обезбедувањето на здравствена заштита во ваквите подрачја.*

*Лазар Трајчев објасни дека со тој правилник се регулира плаќањето а не се утврдува кои подрачја се сметаат за рурални.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе* ***Одлука*** *со која подрачјето на кое работи ПЗУ Ординација по општа медицина "Д-р ТЈ" од с. Вешала - Тетово се смета за рурално.*

*Управниот одбор заврши со работа во 11.00 часот.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***